Штедилница Можности ДОО Скопје, бул. „Јане Сандански“ 111, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, П. Фах 883
Тел.+389 2 2401 051  Факс.+389 2 2401 049  http://www.moznosti.com.mk  e-mail: contact@moznosti.com.mk

5. ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЦЕСОТ НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ

| | |
|---|---|
| 5.1.<br>Стратегии и процеси на управување со секој поединечен ризик | **Основните ризици на кои е изложена штедилницата во своети работење се:**<br>*Кредитен ризик* - ризик од загуба за штедилницата, поради неможноста нејзиниот клиент да ги намирува своите обврски кон неа, во договорениот износ и/или во договорените рокови;<br>*Ликвидносен ризик* - ризик од загуба што се јавува кога штедилницата не може да обезбеди доволно парични средства за намирување на своите обврски во рокот на нивното достасување, или може да ги обезбеди потребните средства со многу повисоки трошоци;<br>*Валутен ризик* - ризик од загуба заради промена на меѓувалутните курсеви и/или промена на вредноста на денарот во однос на вредноста на другите странски валути;<br>*Оперативен ризик* – ризик од загуба поради несоодветни или слаби внатрешни процеси, несоодветни лица и несоодветни или слаби системи во штедилницата, надворешни настани. Оперативниот ризик го вклучува и правниот ризик, ризикот од перење пари и финансирање на тероризам, ризикот од несоодветност на информативните системи и други оперативни ризици;<br>*Правен ризик* - ризик од загуба којшто произлегува од прекршувања/непочитувања на законските и подзаконските прописи, договори, пропишани практики, етички стандарди, или како последица на погрешно толкување на прописите, правилата, договорите и други правни документи;<br>*Ризик од перење пари и финансирање на тероризам* - се подразбира опасноста штедилницата да биде злоупотребена за перење пари и финансирање на тероризам или дека одреден деловен однос, трансакција или производ ќе биде непосредно или посредно искористен за перење пари и финансирање тероризам;<br>*Ризик од несоодветност на информативните системи* - (во рамки на оперативен ризик) ризикот од загуба за штедилницата поради губење, неовластено користење или нерасположливост на информациите, информативните средства и/или услугите што ги нуди банката;<br>*Ризик од несоодветно однесување* – (во рамки на оперативен ризик) ризикот од загуба за штедилницата поради несоодветна понуда и продажба на производите и услугите, вклучувајќи ги и случаите на намерно или несовесно погрешно постапување со клиентите на штедилницата;<br>*Ризик од концентрација на изложеност* - ризик од загуба којшто произлегува од директна или индиректна изложеност на банката кон лице, дејност, географска локација, инструмент, пазар и слично;<br>*Ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарските активности* – ризик од загуба којшто произлегува од неповолните промени на каматните стапки коишто влијаат на позициите во портфолиото на банкарските активности на штедилницата;<br>*Ризик на земја* – ризик од загуба поради изложеноста на штедилницата кон клиент од одредена земја, којшто произлегува од регулаторните, економските, социјалните и политичките услови во земјата во која се наоѓа седиштето на клиентот (пропишан во интерен акт, но штедилницата нема ризик на земја); |

| | |
|---|---|
| | *Репутациски ризик* – ризик од загуба којшто произлегува од неповолните согледувања за штедилницата од страна на клиентите, доверителите, акционерите, инвеститорите и супервизорските органи;<br>*Стратегиски ризик* – ризик од загуба којшто произлегува од промените во деловното окружување, несоодветните деловни одлуки, несоодветното спроведување на одлуките или недоволната респонзивност на банката на промените во деловното окружување, како и несоодветното спроведување на развојниот план и деловна политика. |
| 5.2.<br>Структура<br>и организација<br>на функцијата<br>на упавување<br>со ризици | Организациската поставеност за управување со ризиците обезбедува разграничување на надлежностите и одговорностите помеѓу лицата и организациските единици коишто вршат активности поврзани со преземањето на ризици, од една страна и лицата и организациските единици коишто вршат активности поврзани со управувањето со ризици, од друга страна.<br><br>Штедилница Можности ги има регулирано интерните акти за идентификување, мерење, контрола или намалување и следење на ризиците преку “**Образец за надлежности по сектори и интерни акти по сектори кои го регулираат спроведувањето на Одлуката за методологијата за управување со ризиците во Штедилница Можности”. Овој образец е прилог на ,,Системот за управување со ризици”.**<br><br>Согласно големината, видот и сложеноста на финансиските акитвности на штедилницата:<br>***Единствениот содружник ги врши следните работи:***<br>- ја одобрува методологијата и системот за управување со ризиците и го следи нивното спроведување;<br>- го одобрува документот за прифатливо ниво на ризик и го следи неговото спроведување;<br>- ги одобрува политиките за управување со ризиците и политиката за користење услуги од надворешни лица и го следи нивното спроведување;<br>- ја оценува соодветноста на методологијата и системот за управување со ризиците, соодветноста на документот за прифатливо ниво на ризик, соодветноста на политиките за управување со ризиците и политиката за користење услуги од надворешни лица на годишно ниво;<br>- ги одобрува лимитите на изложеност на поодделни видови ризци во рамки на законски предвидените;<br>- ги одобрува исклучоците во однос на дефинираните лимити и ја доделува одговорноста за нивно одлучување;<br>- ги одобрува годишните стрес-тестирања;<br>- ги усвојува актите кои согласно надлежностите ги прегледува и врши надзор надзорниот одбор на штедилницата;<br>- ги разгледува и усвојува извештаите за работа на одборот за ревизија и одборот за управување со ризици;<br>- го воспоставува и ја следи ефикасноста на системот на внатрешната контрола и ревизија;<br>- други активности, коишто е должен да ги врши согласно Законот за банките, прописите донесени врз основа на тој Закон и интернита акти на штедилницата.<br><br>***Надзорниот одбор на Штедилница Можности ги врши следните работи:***<br>- ја прегледува методологијата и системот за управување со ризиците и го следи нивното спроведување;<br>- го прегледува документот за прифатливо ниво на ризик и го следи неговото спроведување;<br>- ги прегледува политиките за управување со ризиците и политиката за користење услуги од надворешни лица и го следи нивното спроведување;<br>- ги разгледува лимитите на изложеност на поодделни видови ризци во рамки на законски предвидените; |

| | |
|---|---|
| | - ги разгледува исклучоците во однос на дефинираните лимити и ја доделува одговорноста за нивно одлучување;<br>- ги прегледува годишните стрес-тестирања;<br>- врши надзор на воспоставувањето и организацијата не системот на внатрешна контрола и ревизија;<br>- ги прегледува извештаите на одборот за управување со ризици и одборот за ревизија;<br>- други активности, коишто е должен да ги врши согласно Законот за банките, прописите донесени врз основа на тој закон и интерните акти на штедилницата.<br>***Одборот за управување со ризици на штедилницата ги врши следните работи:***<br>- ја воспоставува методологијата и системот за управување со ризиците и се грижи за нивното спроведување;<br>- го воспоставува документот за прифатливо ниво на ризик и се грижи за неговото спроведување;<br>- ги воспоставува политиките за управување со ризиците и политиката за користење услуги од надворешни лица и предлага нивно ревидирање;<br>- ги предлага лимитите на изложеност на поодделни видови ризци во рамки на законски предвидените;<br>- ги предлага исклучоците во однос на дефинираните лимити и предлага доверување одговорност за одлучување за примена на тие исклучоци;<br>- редовно го оценува системот за управување со ризици;<br>- врши анализа на извештаите за изложеноста на штедилницата на одделни ризици и на профилот на ризичност на штедилницата;<br>- го следи спроведувањето на интерните акти за идентификување, мерење или оценка, контрола или намалување и следење на одделни ризици и на сите останати интерни акти донесени од Единствениот содружник на штедилницата/управителот на штедилницата, согласно со одлуката за управување со ризици;<br>- ги ревидира претпоставките на стрес-тестирањата и ги следи резултатите од спроведените стрес-тестирања и ефектите од активностите преземени врз основа на тие резултати;<br>- го одобрува и спроведува интерниот акт за вршење стрес-тестирање;<br>- го одобрува и спроведува интерниот акт за воведувањето на nov производ, активност или систем во штедилницата;<br>- други активности коишто, согласно со Законот за банките, прописите донесени врз основа на тој Закон и интерните акти на штедилницата, е должен да ги врши.<br><br>***Управителот на штедилницата ги врши следните работи:***<br>- ги одобрува и ги спроведува интерните акти за идентификување, мерење или оценка, следење, контрола или намалување и следење на сите материјални ризици;<br>- обезбедува услови за преземање активности врз основа на резултатите од стрес-тестирањето и го следи нивното спроведување;<br>- обезбедува услови за спроведување на документот за прифатливо ниво на ризик;<br>- го воспоставува информативниот систем – системот на известување;<br>- обезбедува услови за ефикасно спроведување на процесот на управување со ризиците;<br>- се грижи за спроведување на интерниот акт за стрес-тестирање во штедилницата;<br>- се грижи за спроведување на интерниот акт за воведување нов производ, активност или систем во штедилницата;<br>- други активности коишто, согласно со Закон за банките, прописите донесени врз основа на тој Закон и интернита акти на штедилницата, е должен да ги врши.<br><br>Посебен организациски дел надлежен за спроведување и/или координирање на активностите и процесите поврзани со управувањето со ризиците во штедилницата е службата за управување со ризици, при Сектор за управување со финансии, ризици и средства. |

| | |
|---|---|
| | ***Службата за управување со ризици ги врши следните работи:***<br>- идентификување, мерење или оцена, контролирање или намалување и следење на ризиците коишто се во нејзина надлежност;<br>- спроведување на политиките и интерните акти за идентификување, мерење или оцена, контролирање или намалување и следење на ризиците;<br>- редовно следење на интерните лимити, како и на регулаторните и супервизорските лимити на изложеност;<br>- утврдување и редовно ревидирање на профилот на ризичност на штедилницата, во согласност со капацитетот на преземање ризик и утврденото прифатливо ниво на ризик;<br>- спроведување и разгледување на резултатите од извршеното стрес-тестирање;<br>- разгледување на резултатите од воведување на нов производ, активност или систем;<br>- редовно известување на одборот за управување со ризици и останатите органи на штедилницата за изложеноста на штедилницата за одделни ризици;<br>- следење на воспоставените квалитативни и квантитативни показатели/индикатори и нивните прагови;<br>- следење на праговите за рано предупредување;<br>- предлагање мерки за унапредување на системот за управување со ризици.<br><br>Службата за внатрешна ревизија на штедилницата врши ревизија на функционирање на системот за управување со ризиците согласно со годишниот план за внатрешна ревизија. |
| 5.3. Структура на системот за мерење на ризикот и систем за внатрешно известување | Во процесот за управување со ризици, Штедилница Можности презема чекори за идентификување, мерење или оцена, контрола или намалување и следење на одделни ризици, кои се базираат на:<br>-интерни акти за идентификување, мерење или оцена, контрола или намалување и следење на одделни ризици;<br>-правила за стрес-тестирање;<br>-правила за воведување нов производ, активностили систем во штедилницата;<br>-правила за користење услуги од надворешни лица;<br>-внатрешен информативен систем – систем за известување. |
| 5.4. Политики за заштита и намалување на ризикот, како и процедури за следење на ефикасноста на извршувањето на овие политики | Интерни акти на штедилницата во делот на системот за управување со ризици а согласно Одлука за методологијата за управување со ризици:<br><br>Методологија за управување со ризиците;<br>Систем за управување со ризиците;<br>Документ за прифатливо ниво на ризик;<br>Процедура за воведување нов производ, активност или систем во Штедилница Можности;<br>Политика за управување со ризик од концентрација на изложеност;<br>Политика за упраување со ризик на земја;<br>Политика за управување со стратегиски ризик;<br>Политика за управување со репутациски ризик;<br>Политика за управување со оперативен ризик;<br>Програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање тероризам;<br>Политика за управување со правен ризик;<br>Политика за сигурност на информативниот систем;<br>Систем за утврдување, следење, известување и евидентирање на поврзаните лица, големите изложености и лимитите на изложеност;<br>Политика за следење на поврзаните лица и на лимитите на изложеноста;<br>Политика за користење услуги од надворешни лица;<br>Методологија за управување со ликвидносниот ризик;<br>Политика за управување со ликвидносниот ризик;<br>План за управување со ликвидносниот ризик во вонредни услови;<br>Постапка и правила за утврдување на интерните ликвидносни показатели;<br>Политика за управување со валутниот ризик; |

| | |
|---|---|
| | Политика за управување со ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарските активности;<br>Методологија за управување со кредитниот ризик;<br>Кредитна политика;<br>Политика за управување со кредитен ризик;<br>Политика за одобрување кредити;<br>Политика на целни групи – Банкарство на мало;<br>Политика на целни групи – СМЕ;<br>Политика за хипотека и залог;<br>Правилник за реструктурирање на кредитни изложености со регуларен кредитен статус;<br>Политика за каматни стапки, провизии и надоместоци за кредитни и штедни продукти;<br>Постапка и правила за купување и продажба на побарувања и постапка на одлучување и организациски единици/органи/лица надлежни за одлучување за купување и продажба на побарувања (достасани, нефункционални и отпишани побарувања) во Штедилница Можности;<br>Правилник за реструктурирање на нефункционални кредитни изложености;<br>Правилник за отпис на кредитни изложености;<br>Правилник за нефункционални кредитни изложености;<br>Правилник за сметководствена евиденција на регуларна (функционална) кредитна изложеност;<br>Правилник за системско спроведување и сметководствена евиденција на рестуктурирани кредити;<br>Правилник за пренос и сметководствена евиденција на нефукционална кредитна изложеност;<br>Правилник за спроведување и сметководствена евиденција отпис на кредитната изложеност;<br>Правилник за спроведување, евиденција и известување на продадени/купени достасани, нефункционални или отпишани побарувања по донесена Одлука;<br><br>Политика за управување со ризикот на задолженост;<br>Методологија за утврдување на адекватноста на капиталот;<br>Политика за утврдување на адекватноста на капиталот. |

5.5. Останати податоци за процесот на управување со кредитниот ризик

| | |
|---|---|
| Опис на политиката за вршење исправка на вредноста и за издвојување посебна резерва | Ревизорски извештај на Штедилница Можности за 2023 година:<br>-Рамка за управување со ризици,<br>-белешка 2.1 |
| Износ на изложеноста на кредитен ризик, пред и по извршената исправка на вредноста, односно по издвоената посебна резерва | Ревизорски извештај на Штедилница Можности за 2023 година:<br>-белешка 2.1, Табела 2.1А -Анализа на вкупна изложеност на кредитен ризик |
| Просечна изложеност на кредитен ризик за периодот за кој се објавува и изложеност по одделни категории на ризик | Ревизорски извештај на Штедилница Можности за 2023 година:<br>-белешка 2.1, Табела 2.1А-Анализа на вкупна изложеност на кредитен ризик<br><br>Просечната вкупна изложеност на кредитен ризик за 2023 година изнесува 1.604.671 илјади денари.<br><br>Просечната вкупна изложеност на кредитен ризик за 2023 година по категории на ризик изнесува: |

| | |
|---|---|
| | За кои не е определена исправка на вредност: 123.081 илјади денари<br>А категорија: 1.389.266 илјади денари<br>Б категорија: 34.000 илјади денари<br>В категорија: 10.568 илјади денари<br>Г категорија: 11.881 илјади денари<br>Д категорија: 35.875 илјади денари |
| Износ на достасаните кредити | Достасани редовни кредити 2.177 илјади денари |
| Износ на изложеностите на кредитен ризик, за кои е извршена исправка на вредноста, односно е издвоена посебна резерва | Ревизорски извештај на Штедилница Можности за 2023 година:<br>-белешка 2.1, Табела 2.1А-Анализа на вкупна изложеност на кредитен ризик |
| Географска дистрибуција на изложеноста на кредитен ризик - Р. Македонија, земјите членки на ЕУ, останатите земји во Европа, земјите членки на ОЕЦД (со исклучок на земјите од Европа), останати земји | Ревизорски извештај на Штедилница Можности за 2023 година:<br>-белешка 2.1, Табела 2.1Г-Концентрација на кредитен ризик по географска локација |
| Секторска дистрибуција на изложеноста на кредитен ризик - изложеност кон банки, други финансиски институции, нефинансиски институции, домаќинства, држава, непрофитни институции кои им служат на домаќинствата, нерезиденти | Ревизорски извештај на Штедилница Можности за 2023 година:<br>-белешка 2.1, Табела 2.1В-Концентрација на кредитен ризик по сектори и дејности |
| Резидуална договорна рочна структура на изложеноста на кредитен ризик (со рок на достасување до една година и над една година) | Ревизорски извештај на Штедилница Можности за 2023 година:<br>-белешка 2.2, Табела 2.2-Ризик наликвидност |
| Структура на изложеноста на кредитен ризик по дејности. За најголемата изложеност кон одделна дејност се објавуваат и следните податоци: а) износот на достасаните кредити, б) износот на изложеноста за која е извршена исправка на вредноста, односно е издвоена посебна резерва, в) износот на извршената исправка на вредноста, односно издвоената посебна резерва за идентификуваните кредитни загуби од изложеноста кон дејноста | Ревизорски извештај на Штедилница Можности за 2023 година:<br>-белешка 2.1, Табела 2.1В-Концентрација на кредитен ризик по сектори и дејности<br>Најголемата изложеност кон одделна дејност: Земјоделство, шумарство и рибарство: 22.342 илјади денари<br>а) Износ на достасани кредити во износ од: 162 илјади денари<br>б) Изложеност за која е извршена исправка на вредност во износ од: 22.342 илјади денари<br>в) Извршена исправка на вредност во износ од: 741 илјади денари |
| Износ на реструктурираните побарувања, согласно со Одлуката за супервизорските стандарди за регулирање на достасаните, а ненаплатени побарувања на банките | Заклучно со 31.12.2023 година во портфолиото на Штедилница Можности има 7 реструктурирани кредитни партии за кои е утврдена соодветна категорија на ризик согласно регулативата на НБРСМ. Вкупна кредитна изложеност на реструктурирани побарувања на правни и физички лица изнесува 2.997 илјади денари. |
| Движење на исправката на вредност, односно издвоената посебна резерва во текот на периодот за кој се објавува (состојба на почетокот на периодот | Ревизорски извештај на Штедилница Можности за 2023 година: |

| | |
|---|---|
| за кој се објавува, извршена дополнителната исправка на вредноста, односно издвоена посебна резерва, ослободување на исправката на вредноста, односно на посебната резерва, отписи во текот на периодот за кој се објавува и состојба на крајот на периодот за кој се објавува). | -белешка 12, Исправка на вредноста на финансиски средства, на нето основа,<br>-белешка 22.1, Кредити на и побарувања од банки<br>-белешка 22.2,Кредити на и побарувања од други комитенти,<br>-белешка 38, Посебна резерва и Резервирања<br>-белешка 25, Останати Побарувања<br>-белешка 27, Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања |

5.6. Останати податоци за процесот на управување со пазарен ризик

| | |
|---|---|
| Податоци за структурата на портфолиото за тргување по одделни видови финансиски инструменти, како и за политиките кои ги применува за распоредување на одредена позиција во портфолиото за тргување или во портфолиото на банкарски активности | / |

5.7. Основни податоци за управување со оперативниот ризик

| | |
|---|---|
| Основни податоци за пристапот кој го користи штедилницата за пресметка на капиталот потребен за покривање на оперативен ризик | Штедилницата го користи пристапот на базичен индикатор при пресметката на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик |

5.8. Податоци за ризик кој произлегува од капитални вложувања (стекнување капитални делови), кои не се дел од портфолиото за тргување

| | |
|---|---|
| Податоци за ризик кој произлегува од капитални вложувања (стекнување капитални делови), кои не се дел од портфолиото за тргување | / |

Податоците за процесот на управување со ризици за 2023 година се ревидирани од друштво за ревизија. Ревизорскиот извештај е усвоен од Единствениот содружник на штедилницата на ден 28.03.2024 година.